ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

Су.бр.04-39/19-9

10.12.2019 година

БИТОЛА

СУДСКИОТ АДМИНИСТРАТОР НА ОСНОВНИОТ СУД БИТОЛА, Силвана Дејаноска, врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.2/2019, за вработување на судски службеници на неопределено време, за работно место помлад судски референт-доставувач - 2 извршители, по доставениот Предлог на кандидати за вработување со утврдена Ранг-листа на Комисијата за вработување на судски службеници од 06.12.2019 година, на ден 10.12.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор за вработување**

За работното место Помлад судски референт-доставувач - 2 (два) извршители, се избираат кандидатите:

1. **ЗЛАТКО ВЛАЌЕВСКИ со шифра бр.СУД02/19ДОС03**
2. **БИЛЈАНА ШУЛАЈКОВСКА со шифра бр. СУД02/19ДОС08**

Решение за вработување со избраниите кандидати ќе се донесе по конечноста на оваа одлука

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Основниот суд Битола во дневните весници „ Вечер " и ,, Коха " од 31.10.2019 година, објавен е Јавен оглас бр.2/2019 за вработување на судски службеници на неопределено време за работното места Помлад судски референт-доставувач 2 (два) -извршители.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за избор на судски службеници, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината . . . Сл.Весник на РМ бр.236/2018 од 24.12.2018 година, до Судскиот администратор на судот доставен е Предлог со утврдена Конечна Ранг-листа од 06.12.2019 година.

Со ранг листата за работното место помлад судски референт-доставувач, Комисијата за избор на судски службеници ги предложи кандидатите Златко Влаќевски и Билјана Шулајковска со освоени најмногу бодови после спроведената постапка.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот со утврдена Ранг-листа од 06.12.2019 година, доставен од Комисијата за избор на судски службеници, истиот го

прифати и одлучи за работното место помлад судски референт-доставувач да бидат избрани кандидатите Златко Влаќевски и Билјана Шулајковска од Битола.

Примерок од Одлуката да се достави до избраниот кандидат, останатите кандидати кои не се избрани и истата да се објави на интернет страната и на огласна табла на судот.

Поради горенаведеното следуваше да одлучи како во изреката на одлуката.

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА
СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР
Силвана Дејаноска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на известувањето за извршен избор преку овој суд до Советот на судска служба